Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр.32/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на **11-та** седница одржана на **30.05.2022** година, донесе:

# П Р О Г Р А М А

## за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2022 година

### I. ВОВЕД

Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2022 година, преставува основа за изработка и донесување на урбанистички планови и спроведување на постапка за донесување на истите, согласно член 40 од Законот за урбанистичко планирање.

Предмет на Годишната програма во зависност од просторот кој е предмет на планирањето, се урбанистички планови од членот 10 став 1 од Законот за урбанистичко планирање.

### II. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Урбанистичкото планирање служи за уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и социјалната, економската и еколошката одржливост на човечките населби, а нивното остварување се обезбедува низ континуираниот процес на изработувањето, донесувањето, спроведувањето и следењето на спроведувањето на плановите.

Согледувајќи ги насоките за развој на општината и потребите на правни и физички лица, а со цел овозможување на градби и комплекси на подрачјето на Општина Чучер-Сандево согласно законстата регулатива, се изработува годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти.

### III. ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

Во текот на 2022 година се планираат активности за изработка на:

1. Урбанистички планови за село
2. Урбанистички планови за вон населено место
3. Урбанистички проекти.

### IV. ЗАВРШУВАЊЕ НА ЗАПОЧНАТИ ПОСТАПКИ

Во 2019 година, согласно Програмата за изработка на Урбанистички планови, Урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација на подрачјето на Општина Чучер Сандево за 2019 година, Општината отпочна постапка за изработка на Урбанистички план за вон населено место – дел од КО Побожје. Постапката за Урбанистички план вон населено место-индустриска зона Глуво Бразда,

започната согласно Програмата за изработка на Урбанистички планови, Урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација на подрачјето на Општина Чучер Сандево за 2017 година, продолжува со постапката до конечно донесување. Започнатите постапки ќе продолжат согласно одредбите на законите според кои се започнати и ќе бидат завршени во рокот предвиден во Законот за урбанистичко планирање.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

За финасирање на програмата средства ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2022 година во рамките на можностите и од страна на заинтересираните правни и физички лица, чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општина Чучер-Сандево.

## VI. РЕАЛИЗАЦИЈА

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзино спроведување по завршување на планскиот период, во законски предвидениот рок.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Во текот на годината зависно од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Врз основа на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, Општината како нарачател на планот ќе склучи договор за изработка на планови со правни лица кои имаат овластувања и лиценца за изработка на урбанистички планови, согласно Законот за урбанистичко планирање, со исклучок на Урбанистички план вон населено место-индустриска зона Глуво Бразда, за кој план општината врз основа на Програмата за 2017 година и спроведена постапка има склучено договор за изработка на планот и со исклучок на Урбанистички план за вон населено место – дел од КО Побожје за кој план општината врз основа на Програмата за 2019 година и спроведена постапка има склучено договор за изработка на планот.

Годишната програма ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Чучер-Сандево, во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Чучер-Сандево

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево", а ќе се применува до 31.12.2022 година.

Бр.08-614/8
30.05.2022 година
Чучер-Сандево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Сања Белинска